Согласно член 22 став 2 од Правилата за пазар на електрична енергија и потпишаните Договори со АД МЕПСО, АД МЕПСО на ден 01.11.2017 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

1. Времено се суспендира учесникот на пазар на електрична енергија ЕНГ СЕРВИЦЕ ТРАДЕ ДОО СКОПЈЕ, со ЕДБ: 4057014525978 од пазарот на електрична енергија, поради неизвршување на обврската за плаќање и недоставување на финанскиско обезбедување согласно Договорите.
2. Времетраењето на суспензијата е од 01.11.2017 година до 30.11.2017 година или до извршување на обврската за плаќање и обезбедување на соодветно финансиско обезбедување на Операторот на пазар на електрична енергија.
3. Оваа одлука стапува во сила на денот на донесувањето
4. Жалбата изјавена против Одлуката не го одлага нејзиното извршување.

**Образложение:**

На 20.09.2017 година АД МЕПСО, до учесникот на пазар ЕНГ СЕРВИЦЕ ТРАДЕ ДОО СКОПЈЕ, со ЕДБ:4057014525978 донесе одлука за времена суспензија од 20.09.2017 година до 01.11.2017 година или до извршување на обврската на плаќање и обезбедување на соодветно финансиско обезбедување. Во истата одлука точка 3 се наведе дека одлуката по автоматизам се продолжува до 30.11.2017 година доколку учесникот не ги отстрани причините за изрекување на времената суспензија до 01.11.2017 година со што периодот од 01-30.11.2017 година АД МЕПСО ќе го смета за изречена втора Одлука за суспензија.

Бидејќи учесникот на пазар на електрична енергија не ги отстрани причините за изречената суспензија, односно извршување на обврската за плаќање и обезбедување на соодветно финансиско обезбедување, АД МЕПСО постапи согласно член 22 став 2 од Правилата за пазар на електрична енегија и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Правна поука:

Против оваа одлука учесникот на пазар може да достави барање за разрешување на спор до РКЕ во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката.

Скопје, 01.11.2017 год.

Акционерско друштво ... и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје
Бр. 11-6671
01-11-2017 год.